**Известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, Република Хрватска, и АСНОВА ХОЛДИНГ индиректно преку САВ 92, УКРАИНА ќе стекнат заедничка контрола над ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА (предмет бр. 08-145/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 208/24), на ден 30.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска и Акционерско друштво во приватна сопственост АСНОВА ХОЛДИНГ, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, индиректно, преку Акционерско друштво во приватна сопственост САВ 92, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, имаат намера да стекнат заедничка контрола над ДРУШТВОТО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА, со седиште на ул. Георги Тороповски зграда 2, 02100 Киев, Украина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, предмет на работење - трговија

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е** присутно во Република Северна Македонија преку друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност: 46.90 неспецијализирана трговија на големо .

Акционерско друштво во приватна сопственост „**АСНОВА ХОЛДИНГ**", со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, е со предмет на работење - други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место

**АСНОВА ХОЛДИНГ** нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

Акционерско друштво во приватна сопственост **„САВ 92",** со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, е со предмет на работење – неспецијализирана трговија на големо

**САВ 92,** нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

**ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА,** со седиште на ул. Георги Тороповски зграда 2, 02100 Киев, Украина, со предмет на работење – трговија на големо со парфимериски и козметички препарати

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА нема зависни друштва во Република Северна Македонија, но се дел од Групацијата ОРБИКО кои во Република Северна Македонија се присутни преку Друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.11.2024 година
Скопје